РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Одбор за акредитација и евалуација
на високото образование
Бр. 12-128/2
23.12.2014 год.
Скопје

Врз основа на член 71 став 2 алинеа 4 и член 104 став 2 од Законот за високото образование (“Службен весник на Република Македонија” број 35/08, 103/8, 26/9, 83/09, 99/09,115/10, 17/11,51/11, 123/12, 15/13, 24/13, 41/14), Одборот за акредитација и евалуација на високото образобание на Република Македонија, на својата 33. седница одржана на 31.10.2014 година, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

**за акредитација на студиска програма „Стручни стоматолошки сестри - орални хигениолози“,прв циклус тригодишни студии на Стоматолошки факултет, при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје**

1. Се акредитира студиска програма **„Стручни стоматолошки сестри - орални хигениолози“,прв циклус тригодишни студии на Стоматолошки факултет, при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје** согласно Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според меѓународната Фраскатиева класификација која е дадена како Прилог 1 на Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр.103/10, 168/10 и 10/11).

2. Студиската програма од точка 1 на ова решение е во траење од три години (шест семестри).

3. По завршените студии на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 180 ЕКТС и со звање: **Дипломирана стоматолошка сестра - орален хигиенолог,** научно - истражувачко подрачје: Медицински науки и здравство, научно - истражувачко поле: Стоматологија, научна област: Сестринство и други области.

4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Врз основа на донесената одлука на Наставно - научниот совет на Стоматолошки факултет Скопје, и одлуката од Универзитетски сенат на Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Скопје за организирање прв циклус тригодишна студиска програма „Стручни стоматолошки сестри - орални хигиениолози“, на 12.09.2014 година до Одборот за акредитација и евалуација на високото образование во РМ достави предлог за прифаќање на елаборат за акредитација на предметната студиска програма

Одборот за акредитација и евалуација на високото обвразование во РМ, на 32с едница одржана на 23.09.2014, формира експертска комисија за оценка на доставениот предлог и врз основа на оценката на доставениот елаборат и извештајот на експертската комисија, на својата 33. седница одржана на 31.10.2014 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Заменик претседател
на Одборот за акредитација и евалуација
на високото образование
Проф. д-р Миколај Кузиновски

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
УП 1 бр. 14-300
11-02-2015 година
СКОПЈЕ

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/00, 44/02, 82/08 167/10 и 51/11), а во врска со член 104 став 2 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 35/08/, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 123/12, 15/13, 24/13, 41/13, 116/14, 130/14 и 10/15), министерот за образование и наука донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

за почеток со работа на студиската програма Стручни стоматолошки сестри-орални хигиенолози, прв циклус тригодишни студии на Стоматолошкиот факултет при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје

1. Со ова решение се утврдува дека се исполнети условите за почеток со работа на студиската програма Стручни стоматолошки сестри-орални хигиенолози, прв циклус тригодишни студии на Стоматолошкиот факултет при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување.

## О б р а з л о ж е н и е

По добиеното, од страна на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование на Република Македонија, Решение бр.12-128/2 од 23.12.2014 година, за акредитација на студиската програма Стручни стоматолошки сестри-орални хигиенолози, прв циклус тригодишни студии на Стоматолошкиот факултет, се обрати со барање бр. 09-1055/5 од 29.01.2014 година, до Министерството за образование и наука, под наш број УП 1 бр. 14-300 од 30.01.2015 година, за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма Стручни стоматолошки сестри-орални хигиенолози, прв циклус тригодишни студиина Стоматолошкиот факултет при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје.

Министерот за образование и наука, со решение УП 1 бр. 14-300 од 03.02.2015 година, формира Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа.

Комисијата на ден 04.02.2015 година, изврши увид и изготви Извештај УП 1 бр. 14-300 од 04.02.2015 година, каде е наведено дека за студиската програма Стручни стоматолошки сестри-орални хигиенолози, прв циклус тригодишни студии, се исполнети условите согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование и Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 103/10, 168/10 и 10/11).

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО: Против ова решение, може да се заведе управен спор, со поднесување на тужба до Управниот суд на Република Македонија, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

МИНИСТЕР,
Abdilaqim Ademi

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА 2 СКОПЈЕ

Доставено до:
- Примач
- Архива

изработил: Биљана Зафировска
контролиран: Борчо Алексов
одобрил: д-р Агим Рушити